Врз основа на член 17 став (3) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ЛИСТА НА СТОКИ ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕБНО ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЕДИНИЧНАТА ЦЕНА И ЛИСТА НА НЕПРЕХРАНБЕНИ СТОКИ ИЛИ НИВНИ КАТЕГОРИИ НА КОИШТО ТРГОВЕЦОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ОЗНАЧИ ЕДИНИЧНАТА ЦЕНА (*)** [1]

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат Листата на стоки за кои не е потребно означување на единичната цена и Листата на непрехранбени стоки или нивни категории на коишто трговецот е должен да ја означи единичната цена.

Член 2

Листата на стоки за кои не е потребно означување на единичната цена, е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Листата на непрехранбени стоки или нивни категории на коишто трговецот е должен да ја означи единичната цена, е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Единечната цена, односно продажната цена по единица мерка на стоките наведени во Листата од Прилог 2 од овој правилник, се пресметува и се изразува во еднакви мерни единици кои вообичаено се користат во оптек за одреден вид стока. За стоки од ист вид на едно продажно место, единечната цена се изразува во еднакви мерни единици.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.25-309/1
11 јануари 2024 година
Скопје

Министер за економија,
**Kreshnik Bekteshi**, с.р.

---

[1] Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 98/6/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 1998 година за заштитата на потрошувачите при означувањето на цените на стоките што им се нудат на потрошувачите (CELEX бр. 31998L0006).

Прилог 1

**Листа на**

**стоки за кои не е потребно означување на единичната цена**

1. Производи со тежина помала од 50 грама или со волумен помал од 50 милилитри;
2. Производи што се продаваат како пакети или комплети за подароци;
3. Ситни производи (колачиња) за домашни миленици;
4. Колачи;
5. Алкохолни пијалоци во пакувања до 100 милилитри;
6. Замрзнати десерти до 500 милилитри и
7. Овошје и зеленчук што се продаваат во парчиња или снопови.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

* За храна која е во течна средина каде што е наведена масата, цената по единица мерка се однесува на наведената тежина на исцедената маса.

** За глазирана храна, цената по единица мерка се однесува само на нето масата на храната, која не ја вклучува масата на глазурата.

Прилог 2

**Листа на**

**непрехранбени стоки или нивни категории на коишто трговецот е должен да ја означи единичната цена**

1. Храна и храна за животни, освен ако не е поинаку е пропишано во посебните прописи ;
2. Алкохолни и безалкохолни пијалоци;
3. Вода;
4. Детергенти;
5. Бебешки пелени;
6. Бои и лакови, освен бои за сликање;
7. Масла и течности за мотори и моторни возила;
8. Дестилирана вода;
9. Производи за миење, чистење и нега на лице и тело;
10. Производи за миење и нега на коса и
11. Производи за миење, чистење и грижа за забите и усната шуплина.

Në bazë të nenit 17 paragrafi (3) të Ligjit për mbrojtjen e konsumatorëve (*) (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 236/22), Ministri i Ekonomisë miratoi

**RR E G U LL O R J A**

**PËR LISTËN E MALLRAVE PËR TË CILAT NUK ËSHTË E NEVOJSHME ÇMIMI I NJËSISË DHE LISTA E MALLRAVE JOUSHQIMORE OSE KATEGORITË E TYRE NË TË CILAT TREGTARI ËSHTË I OBLIGUAR TË SHËNOJË ÇMIMIN I NJËSISË (*) [1]**

Neni 1

Me këtë rregullore përshkruan Listën e mallrave për të cilat nuk është e nevojshme të shënohet çmimi për njësi dhe Lista e mallrave joushqimore ose kategoritë e tyre në të cilat tregtari është i obliguar të shënojë çmimin e njësisë.

Neni 2

Lista e mallrave për të cilat nuk është e nevojshme shënimi i çmimit të njësisë, është dhënë në Shtojcën 1, i cili nuk është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.

Lista e mallrave joushqimore ose kategoritë e tyre, në të cilat tregtari është i obliguar të shënojë çmimin e njësisë , është dhënë në Shtojcën 2, e cila është pjesë përbërëse e kësaj rregullore.

Neni 3

Çmimi për njësi, respektivisht çmimi i shitjes për njësi matëse të mallrave të përmendura në Listën nga shtojca 2 e kësaj rregulloreje, përllogaritet dhe shprehet në njësi të barabarta matëse që përdoren normalisht në qarkullim për lloj të caktuar mallrash. Për mallrat e llojit të njëjtë në një pikë shitjeje, çmimi për njësi shprehet në njësi të barabarta matëse.

Neni 4

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e publikimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

Nr. 25-309/1
11.1.2024
Shkup

Ministri i Ekonomisë,
**Kreshnik Bekteshi**, d.v.

[1] Me këtë rregullore bëhet harmonizimi me Direktivën 98/6/BE të Parlamentit Evropian dhe të Këshillit nga 16 shkurti i vitit 1998 për mbrojtjen e konsumatorëve gjatë shënjimit të çmimeve të mallrave që u ofrohen konsumatorëve (CELEX nr. 31998L0006).

Shtojca 1

Lista e mallrave që nuk kërkojnë shënimin e çmimit të njësisë

1. Produkte me peshë më të vogël se 50 gram ose me vëllim më të vogël se 50 mililitra;
2. Produktet që shiten si pako ose komplete për dhurata;
3. Produkte të imëta (embëlsira) për kafshë shtëpiake;
4. Embëlsira;
5. Pije alkoolike në paketime deri në 100 mililitra;
6. Ëmbëlsirat e ngrira deri në 500 mililitra dhe
7. Pemët dhe perimet që shiten në copa ose tufa.

------------------------------------------------ ------------------------------------------------ ----

* Për ushqimin që është në një mjedis të lëngshëm ku është përmendur masa, çmimi e njësisë masa i referohet peshës së përmendur të masës së shtrydhur.
** Për ushqimet e glazuara, çmimi i njësisë masë i referohet vetëm masës neto të ushqimit, e cila nuk përfshin masën e glazurës.

Shtojca 2

**Lista e mallrave joushqimore ose kategoritë e tyre për të cilat tregtari është i obliguar të shënojë çmimin e njësisë**

1. Ushqimi dhe ushqimi për kafshët, përveç nëse nuk përshkruhet ndryshe në rregullat e veçanta;
2. Pijet alkoolike dhe joalkoolike;
3. Ujë;
4. Detergjentë;
5. Pelena për fëmijë;
6. Bojra dhe llaqe, përveç bojrave për vizatim;
7. Vajra dhe lëngje për motorë dhe mjete motorike;
8. Ujë i distiluar;
9. Produkte për larjen, pastrimin dhe kujdesin e fytyrës dhe trupit;
10. Produkte për larjen dhe kujdesin e flokëve dhe
11. Produkte për larjen, pastrimin dhe kujdesin për dhëmbët dhe zgavrën e gojës.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**208.**

Врз основа на член 26 став (13) од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ БАРАЊА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИСПИТУВАЊЕТО НА ПРОДУКТИВНОСТА ИЛИ НА ГЕНЕТСКАТА ВРЕДНОСТ НА ЖИВОТНИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА РЕГИСТАРЦИЈА ВО РЕГИСТАРОТ НА ТРЕТИ ЛИЦА, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ТРЕТИ ЛИЦА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските барања за вршење на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност на животните кои треба да ги исполнат правните лица за регистрација во Регистарот на трети лица, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на трети лица и формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на трети лица.

Член 2

Правните лица кои сакаат да бидат регистрирани како трети лица за вршење на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност на животните во Регистарот на трети лица треба да ги исполнуваат следните барања:

1) Да имаат на располагање најмалку едно лице за еден вид на животни со ниво на квалификации VII според Македонска рамка на квалификации или завршен VIII степен од полето добиточно производство (сточарство);

2) Имаат способност за извршување на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност во согласност со член 25 од Законот за зоотехника;

3) Имаат во сопственост или под закуп, објект или просторија со површина од најмалку 50м² и

4) Да имаат на располагање соодветна техничка опрема, и тоа:

а) за испитување на продуктивноста или на генетската вредност кај говеда и копитари:
- литинов бастум;
- вилкенсов шестар;
- добиточна импегнирана пантлика;
- персонален компјутер;
- софтверски програми за водење на евиденција и статистичка обработка на податоци и
- фотоапарат.

б) за испитување на продуктивноста или на генетската вредност кај овци и кози:
- персонален компјутер;
- софтверски програми за водење на евиденција и статистичка обработка на податоци;
- литинув бастум;
- добиточна импегнирана пантлика;
- сточна вага и
- фотоапарат.

в) за испитување на продуктивноста или на генетската вредност кај свињи:
- персонален компјутер;
- софтверски програми за водење на евиденција и статистичка обработка на податоци;
- вага за мерење на телесна маса намената за пеформанс тест на назимки и млади нерези;
- апарат за мерење на грбна сланина на живо и/или скенер за мерење на грбна сланина и ДГМ – долг грбен мускул на живо и
- апарат за утврдување на процент на месо од труповите на закланите сродници на грлото што го оценуваме.

Член 3

(1) Регистарот на трети лица се води електронска форма на евиденциски листови.

(2) Формата и содржината на Регистарот на трети лица се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Барањето за регистрирање во Регистарот на трети лица се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја или во електронска форма.

(2) Формата и содржината на барањето за регистрирање во Регистарот на трети лица се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/13 и 117/18).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 31-9010/4
10 јануари 2024 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.